# Куќен ред за реализација на воспитно образовниот процес со физичко присуство на учениците за учебната 2020/2021 година

Поради пандемијата со вирусот КОВИД-19 и насоките од Министерството за образование, Протокол за постапување на основните училишта во Република Северна Македонија за реализација на воспитно-образовниот процес со физичко присуство на учениците во учебната 2020/2021 год. ООУ„Братство Единство“ Охрид изготви Куќен ред кој се однесува на сите учесници во воспитно-образовниот процес.

## Основни одредби

Протоколи кои се однесуваат за вработените: работно време; постапка во случај на појава на вработен со симптоми, сомнителен/позитивен на КОВИД-19, Доаѓање и престој во училиштето; Одржување на редот и дежурствата; Однос кон инвентарот и опремата.

Протоколи кои се однесуваат за учениците: Доаѓање и престој на ученикот; Изглед и однесување на ученикот; постапка во случај на појава на ученик со симптоми, сомнителен/позитивен на КОВИД-19.

Протоколи кои се однесуваат на родителите, надворешните соработници и други лица: Доаѓање, пријавување и престој; Носење ученици до назначениот влезот на училиштето освен за родители/старатели, образовни/лични асистенти на учениците со посебни образовни потреби со задолжително носење на маска.

Кон одребите од овој Правилник должни се да се придржуваат лицата наведени во овој Правилник. Со одредбите од овој Правилник учениците и родителите ги запознаваат одделенските раководители, а надворешните соработници и други лица – дежурниот наставник и одговорниот стручен соработник по смени. Со одредбите на Правилникот вработените се запознаваат со истакнување на Правилникот на огласната табла.

## ПРОТОКОЛИ КОИ СЕ ОДНЕСУВААТ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ ВО УЧИЛИШТЕТО

Училиштето е отворено од 07 часот  до 20 часот.

Училиштетето за влез и излез на учениците ги става во функција трите влеза на Централна зграда и двата влеза на Зграда Лескајца.

Изготвува распоред за влез/излез со различно време на влегување и излегување на учениците за секое одделение посебно.

Распоредот е истакнат на веб страната од училиштето и на видни места во училиштето.

Наставата започнува од 07:30 и 13:30 до времето утврдено со распоредот на часови, другите активности и распоредот на ѕвонење.

Часот трае 30 минути со 5 мин.одмор меѓу часови и голем одмор во време траење од 15 минути.

Протокот на ученици и вработени во и надвор од училиштето се одвива по строго контролиран ред, преку поставени ознаки кои го означуваат правецот на движење и запазување на минимум поребното растојание од 1,5м., при чекање ред на учениците пред и внатре во училиштето.

Директорот одлучува за изготвување на план за организација на редарската служба од редот на вработените во училиштето.

Спроведувањето на редот и одржувањето на потребното растојание меѓу учениците од минимум 1,5м се изведува со двајца редари(од редот на вработените) пред влезот на училиштето и двајца редари во училиштето.

На влезот од училиштето ќе се мери телесната температура со бесконтактен топломер, се дезинфицираат рацете и обувките на учениците.

Во случај на покачена телесна температура над 37,4 не се дозволува влез на ученикот во училиште и со родителот се упатува на консултација кај матичниот лекар на ученикот.

Учениците со знаци на други заразни болести не смеат да доаѓаат во училиште.

Наставникот на паралелката пред влезот од училницата ќе ги пречекува учениците и притоа ќе врши дезинфицирање на рацете на секој ученик и ќе го упатува на своето место.

Учениците од дома ќе треба да доаѓаат со заштитни маски, а наставниците ќе користат визири и заштитни маски.

Директорот определува лица од вработените кои ќе бидат контролори на одредени места и ќе можат да помагааат на оние ученици кои имаат прашања и им е потребна помош за правилно користење на мерките.

## НАЧИН НА ОДРЖУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА ПРОСТИРИИТЕ

Училиштето воведува систем за еднонасочно движење на учениците низ просториите и го ограничува бројот на лица кои истовремено се присутни во просториите и го контролира излегувањето и влегувањето во истите.

Просториите во кои престојуваат учениците се проветруваат после секој наставен час,најмалку половина час пред пристигнување и заминување на учениците.

За време на наставата во училницата, доколку дозволуваат временските услови се остава отворен прозорец.

Во училницата се забранува употреба на уреди за климатизација и вентилација

Наставата во училница се изведува со најмногу до 20 ученици и обезбедено физичко растојание од 1,5-2м помеѓу учениците и наставникот и учениците.

Училишните клупи се со означено место за седење. Учениците од една паралелка престојуваат во една просторија.

Исхраната кај учениците ќе се реализира на тој начин што секој ученик ќе носи храна приготвена и спакувана од дома.

Оброкот ќе се консумира во училницата во која ја реализираат настава и само тогаш ќе може да ја отстранат маската која ја носат на лицето.

За време на одморите учениците ќе бидат под надзор на одделенскиот наставник и доколку временските услови дозволуваат одморите ќе се одвиваат во училишниот двор по однапред утврден распоред.

Секој ученик за време на престој во училиштето треба да се однесува културно и пристојно, да го почитува кодексот на облекување и да го почитува Правилникот за однесување во училиште, во услови на пандемија со КОВИД-19.

## НАЧИН НА ОДРЖУВАЊЕ НА ХИГИЕНАТА ВО УЧИЛИШТЕТО

Во училиштетето посебно ќе се внимава на хигиената кај учениците и вработените.

Се забрануваат поздравувања со физички контакт за вработените во училиштето и меѓу учениците.

Површините и предметите кои почесто се изложени на допир од страна на вработените и учениците се дезинфицираат на почетокот и на крајот на секоја смена, а најмалку два пати на ден.

Употребата на тоалетите се организира на начин што ќе овозможи присуство на помал број ученици и запазена дистанца

Тоалетите треба да бидат функционални заради овозможување услови за почесто миење на рацете со проточна вода и сапун и почесто се чистат со задолжително водење на евиденција за спроведено чистење и дезинфекција со средство кое делува на вируси.

Холовите, скалите и останатите заеднички простории се чистат почесто, додека учениците се на настава и по завршувањето на сите училишни активности.

Одржувањето на хигиената на фискултурната сала, спортските игралишта и соблекувални и другите помошни простории, се врши веднаш по користењето од страна на секоја група на ученици

## НАЧИН НА КОМУНИКАЦИЈА СО РОДИТЕЛИ

Комуникацијата помеѓу родителите и наставниците ќе се одвива преку телефон,меил или преку онлајн апликација.

За итни потреби, училиштето или родителот бара вонредни средби.

Советот на родители на ниво на училиште се среќава според Планот и програмата за работа на Совет на родители за тековната година, организирано на онлајн апликација.

Зависно од потребата во училиштето престојуваат и други лица и надворешни соработници, кои престојот однапред го најавуваат и договараат со секретарот, стручната служба или директорот на училиштето и го почитуваат протоколот за постапување во превенција од КОВИД-19.

## АЛГОРИТАМ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ ПРИ ПОЈАВА НА СИМПТОМИ НА СОМНИТЕЛЕН/ПОЗИТИВЕН НА КОВИД-19

Доколку во училиштетето се појави заболен од КОВИД-19 или лице кое имало контакт со лице заболено од КОВИД-19, лицето се изолира во посебна просторија со задолжително носење на заштитна маска, директорот воспоставува комуникација со Центарот за јавно здравје за добивање на понатамошни насоки за постапување.

За превземените активности училиштето доставува извештај до општината, а таа пак го проследува до Министерството за образование и наука.

Ако ученик развие симптоми на КОВИД-19, додека е во училиште, одговорното лице го изолира ученикот во посебна просторија со задолжително носење на заштитна маска и веднаш ги известува родителите старателите, кои во најкраток временски период треба да го замат детето, со цел консултација и натамошни активности со матичниот лекар на ученикот.

Доколку ученикот е заразен со КОВИД-19 се известува епидемиолошката служба во Центарот за јавно здравје која итно треба да направи анкета со наставниците и учениците за проценка на степенот на ризик.